РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ИНФОРМАТОР

Бр. 2
Август
2012

ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ - ЕДНАКВИ ПРИДОБИВКИ

**Министерство за труд и социјална политика**
Сектор за еднакви можности
ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје
www.mtsp.gov.mk

## Содржина:

1. Република Македонија и годинава рангирана во групата ТИЕР 1................................1
2. Промоција на студии поврзани со социјалната димензија на трговија во Република Македонија ..........................................................................................2
3. Семинар со директорите на Центрите за социјална работата ......................................5
4. Семинар со социјалните работници од Центрите за социјална ратата .......................6
5. Меѓународна соработка: ..............................................................................................6
   - Посетата на германската организација Интернационален Бунд
   - Студиска посета на македонска делегација во Бугарија

## 1. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГОДИНАВА РАНГИРАНА ВО ГРУПАТА ТИЕР 1

Годишниот извештај на Стејт департментот за 2011 година ја рангира Република Македонија во групата ТИЕР 1, односно во групата на земјите кои што ги исполнуваат стандардите за борба против трговијата со луѓе.

Министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска и Заменик амбасадорот на САД во Република Македонија, Бриан Агелер одржаа конференција за медиумите на која истакнаа дека ова претставува признание за сите напори кои македонските институции ги вложија на ова поле во изминатиот период.

Министерот Ристовски информираше дека високата позиција на Македонија во глобалниот извештај се должи на активностите за превенција, односно на воспоставената законска и институционална рамка.



Стејт департментот на САД, од вкупно 186 земји рангирани во извештајот, Република Македонија ја смести во групата на 33-те земји (Австрија, Белгија, Канада, Франција, Финска, Германија, Италија, Холандија, САД, Велика Британија и други) кои што целосно ги исполнуваат стандардите.

**По овој повод, амбасадорот Волерс, го истакна значителниот напредок на Македонија во нејзината борба против трговијата со луѓе, што се рефлектира во извештајот, и ги повика сите заинтересирани страни да продолжат со оваа борба, пришто вети континуирано партнерство и поддршка од САД.**

**Покрај тоа, во својство на домаќин на приемот организиран за сите релевантни институции и организации кои работат во областа на борба против трговијата со луѓе во Македонија, амбасадорот Волерс додели Сертификати за благодарност до социјалните работници: Нада Блажевска од Тетово, РАТКО Тримчевски од Гостивар, Ѓурѓица Новеска од Скопје и Рагми Исуфи од Куманово за нивната несебична посветеност на поддршка на жртвите на трговија со луѓе.**



**Прес конференција и доделување на сертификати**

Земјите од нашето соседство Албанија, Грција, Србија, Косово и Бугарија се наоѓаат во таканаречената ТИЕР 2 зона и се рангирани во групата која нецелосно ги исполнува стандардите во борбата против трговијата со луѓе.

## 2. ПРОМОЦИЈА НА СТУДИИ ПОВРЗАНИ СО СОЦИЈАЛНАТА ДИМЕНЗИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Министерството за труд и социјална политика со поддршка на Германско друштво за интернационална соработка (ГИЗ) промовираше три студии кои што се однесуваат на социјалната димензија на трговијата со луѓе.



Целта на овие студии е подобрување на разбирањето за заштитата и борбата против трговијата со луѓе, детектирање на недостатоци во воспоставениот систем во Република Македонија, како и предлози за надминување на недостатоците во системот за помош и поддршка, кои треба да се спроведат од повеќе чинители на локално и национално ниво.





„За жал трговијата со луѓе сега е наша реалност која треба да се изучи, разбере и адекватно да и се спротивставиме. Затоа, Владата на Република Македонија се приклучи кон земјите од регионот и пошироко во борбата против овај организиран криминал и реагира одлучно со цел да постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување“ потенцираше министерот за труд и социјална социјална политика, Спиро Ристовски.



Студија за „Меѓународната законска рамка и македонските закони за сиромаштија со посебен фокус на трговијата со луѓе“ се однесува на меѓународните и националните политики за сиромаштија со посебен фокус на трговијата со луѓе. Оваа студија ги опфаќа релевантните аспекти во меѓународните конвенции и протоколи кои се однесуваат на овие проблеми наспроти решенијата во домашните законски и други решенија. Ова, пак,

од друга страна дава дополнителен импулс и охрабрување на севкупните институционални напори и акција на граѓанскиот сектор во делот на превенција, социјална инклузија и реинтеграција на жртвите од трговијата со луѓе. За да биде ефективна борбата со трговијата со луѓе мора истовремено да ги опфати и мерките коишто се однесуваат на корените и причините што го поттикнуваат или олеснуваат регрутирањето на нови жртви. Во овој случај тоа е сиромаштијата на населението, особено сиромаштијата на индивидуалците и групите коишто се изложени на повисок ризик, социјално исклучените лица, маргинализираните и невработените лица.



Според наодите на студијата „Оценување на сиромаштијата и мапирање на ранливите групи, со фокус на трговијата со луѓе“, најранливи групи или потенцијални жртви на трговија со луѓе се од источниот и централниот регион и тоа:

- ☞ **деца и млади со ниско или без образование на возраст од 10 до 22 години,**
- ☞ **од сиромашни и дисфункционални семејства**
- ☞ **семејства каде е присутно семејното насилство, злоупотреба на дрога/алкохол**
- ☞ **деца без родители и родителска грижа,**
- ☞ **жени и млади девојки од сиромашни семејства и семејства без приходи,**
- ☞ **самохрани мајки,**
- ☞ **жени од возрасната група од 18 до 35 години и**
- ☞ **мажи од возрасната група од 18 до 35+ години,**
- ☞ **млади од руралните области и малите градови и од семејства на општествените маргини.**

Студија „Национални програми и бенефиции во рамките на системот на социјална заштита во Република Македонија“, прва од ваков вид е насочена кон анализа и презентирање на програмите за остварување на правата на сиромашното население. Таа ги елаборира категориите на сиромашните и ранливите групи, како и политиките и мерките за решавање на сиромаштијата.





Во студијата идентификувани се правата, како и самата постапка за остварување на правата. Сите програми се анализирани преку: основата на самата програма, телото кое ја имплементира програмата, целната група, условите за пристап, бенефициите кои ги остварува сиромашното население и потребната документација. Овој начин на анализа го олеснува согледувањето на сите права и постапки за нивното остварување.

“Студиите треба да послужат како основа за понатамошната поддршка на реформите во оваа област со цел делување на факторите коишто ја предизвикуваат трговијата со луѓе и намалување на ризикот на кои се подложени ранливите групи кои се најчести жртви на овој организиран криминал”, истакна д-р Волфганг Јесен, раководител на ГИЗ Регионалната програма за социјална заштита и превенција од трговија со луѓе.

На истиот настан Амбасадорката на Република Германија во Р. Македонија, Г-ѓа Гудрун Штајнакер, во име на Германската Развојна Соработка додели превозно средство за Меѓуопштинскиот центарот за социјална работа во Скопје за потребите на Дневниот центар за деца на улица, како и за теренската работа на социјалните работници.










Студиите се подготвени со поддршка на Германско друштво за интернационална соработка (ГИЗ) како дел од Регионална програма за социјална заштита и превенција од трговија со луѓе.

## 3. СЕМИНАР СО ДИРЕКТОРИТЕ НА ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

Улогата на центрите за социјална работа во превенцијата и заштитата на жртвите на трговија со луѓе беше тема на семинарот одржан во Охрид на 26-27 април 2012 година организиран од страна на Министерството за труд и социјална политика во соработка со Германско друштво за интернационална соработка (ГИЗ). Учесниците на семинарот, директорите на 24 меѓуопштински Центри за социјална работа се запознаа со концептот на трговијата со луѓе, меѓународното и националното законодавство, институционалните механизми за спречување, откривање и гонење на сторителите како и за потребните мерки за превенција и заштита на жртви на трговија со луѓе. Државниот секретар во Министерството за труд и социјална политика г-дин Муедин Кахвеџи ја истакна важноста на центрите за социјална работа во превенцијата и раната детекција на жртвите на трговија со луѓе. Тој потенцираше дека директорите на овие Центри како одговорни лица за управување и организација на работата, потребно е одговорно и посветено да го адресираат ова прашање.

Семинарот, исто така, овозможи споделување на информации, размена на искуства, предлози и сугестии за унапредување на состојбата и условите за функционирање на центрите во насока на подобрување на социјалната положба на граѓаните, а особено на ранливите групи од кои најчесто се регрутираат жртвите на трговија со луѓе.

Заклучоците од семинарот беа насочени кон:

- **Зголемување на капацитетите на центрите за социјална работа, особено во делот на човечки ресурси односно стручни лица;**
- **Систематски пристап кон работа на случај на ниво на заедница т.е. поголема координирана соработка со другите институции во локалната самоуправа со цел ре/интеграцијата на жртвите како и во мониторингот на истите;**
- **Подобрена работа на терен со што ќе се овозможување рана детекција на проблемите на ранливите групи и превенирање да не станат жртви на трговија со луѓе;**



**Семинар со директорите – Охрид**



**Семинар со директорите – Охрид**

## 4. СЕМИНАР СО СОЦИЈАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Германско друштво за интернационална соработка (ГИЗ) од 7-8 јуни 2012 година во Битола го одржа првиот регионален семинар, од планираните 3 семинари, наменет за социјалните работници коишто се номинирани да работат на проблематиката на трговијата со луѓе.

Социјалните работници имаа можност да се стекнат со нови сознанија и информации за работата на: Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, меѓународна и национална легислатива, новите модус-операнди и трендови на трговијата со луѓе, за улогата на Министерството за труд и социјална политика и на Министерството за внатрешни работи/Единица за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе како и социјалната димензија на трговијата со луѓе.

Учесниците на семинарот како генерален заклучок ја истакнаа потреба од реорганизација на центрите за социјална работа во насока на одвојување на стручната работа и основните права. Ваквата поделба ќе овозможи мобилност на социјалните работници и посветеност на теренската работа.

## 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА:

### ПОСЕТАТА НА ГЕРМАНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН БУНД

Организацијата Интернационал Бунд од 14 до 18 мај 2012 година оствари посета на Република Македонија во соработка со Германско друштво за интернационална соработка (ГИЗ) со цел изработка на програма во која би се пренеле искуствата од Германија адаптирани според потребите на професионалците што работат во социјалната сфера на трговијата со луѓе.

Интернатионал Бунд е невладина организација од Република Германија која вработува повеќе од 12.000 луѓе во

повеќе од 700 објекти на 300 локации низ Германија. Оваа организација е една од лидерите во обезбедување на образовни и стручни обуки во Германија и располагаат со професионалци од сите области на социјалните услуги. Во текот на нивната мисија во Македонија остварија посета на Центарот за социјална работа во Куманово, Пробиштип и Гостивар, посета на невладини организации и одржаа еднодневна работилница на која што се одредија насоките и приоритетите на програмата што ќе ја реализира ГИЗ во наредниот период.

Работилница ИБ









## СТУДИСКА ПОСЕТА НА МАКЕДОНСКА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО БУГАРИЈА

Во организација на Меѓународен центар за развој на миграциона политика (ИЦМПД) во рамките на проектот TRM II – Подобрување на транс-националната соработка на случаи на трговија со луѓе во Југоисточна Европа, остварена е студиска посета на Република Бугарија на 27/28 Мај 2012 година од страна на делегација на Република Македонија.

Студиската посета на делегацијата составена од претставници на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција беше со цел да се осознаат и разменат добрите пракси помеѓу делегациите на Република Македонија и Република Бугарија од областа на новите трендови во трговијата со луѓе, гонењето на сторителите и превенцијата како и заштитата на жртвите на трговија со луѓе.

Студиска посета Бугарија






**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА,**
**СЕКТОР ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**


**Елена Грозданова,**
државен советник
+389 (0)2 3129-308
*egrozdanova@mtsp.gov.mk*

**Светлана Цветковска,**
советник за превенција и заштита на жртви од трговија со луѓе
+389 (0)2 3106-443
*scvetkovska@mtsp.gov.mk*



**Министерство за труд и социјална политика**
**Република Македонија**

Година 2012, број I февруари

www.mtsp.gov.mk
ул. Даме Груев бр. 14
1000 Скопје

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

BMZ Federal Ministry for Economic Cooperati and Development

Поддржано од ГИЗ Регионална Програма за социјална заштита и превенција од трговија со луѓе
во име на Германското Федерално Министерство за Економска Соработка и Развој (БМЗ)
T: +389 2 3288 775, E: vlatko.aleksovski@giz.de